Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 – 155/9
18-11-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-155/1 од 1.2.2024 година поднесена од , против Министерство за внатрешни работи – Отсек за оружје и експлозивни и опасни материи Велес, за извршена дискриминација врз основа на верско уверување и националност во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на националност и верско уверување во областа на правосудство и управа сторена од страна на Министерството за внатрешни работи – Отсек за оружје и експлозивни и опасни материи Велес.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација архивирана е претставка бр. 08-155/1 од 1.2.2024 година, поднесена од страна на за сторена дискриминација врз основа на националност и верско уверување во областа правосудство и управа од страна на Министерство за внатрешни работи – Отсек за оружје и експлозивни и опасни материи Велес.

Согласно наводите од претставката, подносителот наведува дека неговото барање за добивање на дозвола за оружје за лов било одбиено на 3 наврати, при што истакнува дека добил 2 позитивни жалби од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во кои биле дадени насоки до првостепениот орган да на подносителот му се додели оружје од категорија Ц-3. Оттука, подносителот смета дека ваквото постапување на Отсекот за оружје и експлозивни и опасни материи Велес е понеповолно и истото е врз основ на неговата националност и верско уверување.

Во прилог на претставката, подносителот доставил Решение бр. УП1 12.2.5-309-2023 од 16.1.2024 година, во кое Отсекот за оружје, експлозивни и опасни материи Велес го одбива барањето на подносителот за набавување на оружје од категорија Ц-3, при што во истото е образложено дека подносителот не го исполнува условот од член 9 став 1 точка 5 од Законот за оружје (Службен весник бр. 171/2022), кој гласи:

*„Одобрение за набавување на оружје на физичко лице се издава врз основа на претходно поднесено писмено лично барање за издавање одобрение за набавување на оружје, ако физичкото лице ги исполнува следните услови:*
*5) има оправдана причина за набавување на оружје."*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 13.3.2024 година испрати Известување

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

бр. 08-155/3 за произнесување по наводите од претставката до Министерство за внатрешни работи – Отсек за оружје, експлозивни и опасни материи Велес.

На ден 25.4.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена дополнителна документација од страна на подносителот која се состоеше од Решение УП бр. 1108-851 од 14.12.2022 година на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и Решение УП бр. 1108-530 од 12.7.2023 година, донесено до страна на наведената Комисија. Согласно диспозитивот на решенијата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, претходно донесените Решенија од страна на Министерство за внатрешни работи, Оддел за граѓански работи, Отсек за оружје, експлозивни и опасни материи Велес се поништуваат и предметот се враќа на повторно постапување кај првостепениот орган.

На ден 15.5.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на известувањето за произнесување од страна на Отсекот за оружје, експлозивни и опасни материи Велес во склоп на СВР Велес.

Со ваквото известување, на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ѝ беше укажано дека Отсекот за оружје, експлозивни и опасни материи само ги спроведува одлуките н Комисијата на СВР Велес за разгледување на предлог по барање за издавање на одобрение за набавка на оружје, при што ја упатуваат КСЗД да се обрати до наведената Комисија во врска со наводите од претставката за заштита од дискриминација.

Оттука, Комисијата на ден 27.6.2024 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката бр. 08-155/6 до Комисијата за разгледување на предлог по барање за издавање на одобрение за набавка на оружје во рамките на СВР Велес.

Поради фактот што и по истекот на законски зададениот рок, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не доби произнесување од страна на наведената Комисија од Сектор за внатрешни работи Велес, а со цел правилно утврдување на фактичката состојба и кредибилно и мериторно одлучување по предметот, на ден 22.10.2024 година, КСЗД изврши непосреден увид во СВР Велес согласно член 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Притоа, на наведениот увид, од страна на началникот на СВР Велес беше образложено дека веќе подолг временски период во времетраење од 8 месеци не била формирана Комисија за разгледување на предлог по барање за издавање на одобрение за набавка на оружје, поради што и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не добила произнесување по наводите од претставката за заштита од дискриминација, при што во меѓувреме и не се постапувало и по барањата за издавање на одобрение за набавка на оружје, вклучувајќи го и конкретниот случај на подносителот на претставката за заштита од дискриминација.

Оттука, земајќи ги во предвид наводите во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Министерство за внатрешни работи – Отсек за оружје и експлозивни и опасни материи Велес врз , согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата*

*и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Комисијата утврди дека во конкретниот случај, не е исполнета погоре цитираната законска дефиниција за дискриминација, имајќи го во предвид фактот дека подносителот на претставката за заштита од дискриминација не воспоставил каузална врска помеѓу дејствијата со кои тврди дека бил дискриминиран и наведените дискриминаторски основи. Дополнително на ова, во конкретниот случај подносителот не конкретизирал компаратор во однос на кој со него би било постапено понеповолно врз основа на наведените дискриминаторски основи, односно со не него не било постапувано понеповолно врз основа на неговата националност и верско уверување во однос на останати лица кои се наоѓале во иста фактичка ситуација – лица кои поднеле барања за издавање на одобрение за набавка на оружје. Во продолжение на ова, согласно податоците прибавени од страна на СВР Велес, поради фактот што подолг временски период не постои Комисија за одлучување по барањата за оружје, со тоа што не било сторено разликување во постапувањето кон подносителот на претставката за заштита од дискриминација во однос на останати лица кои поднеле барање за добивање дозвола за користење на оружје во истиот временски период, односно потенцијалното неовозможување на остварувањето на одредено право не било направено врз некоја од наведените дискриминаторски основи во претставката за заштита од дискриминација и подносителот на истата не бил ставен во понеповолна или нееднаква положба.

Оттука, имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основа на социјално потекло, религија или верско уверување и образование во областа на образование, наука и спорт од страна на Министерство за внатрешни работи – Отсек за оружје и експлозивни и опасни материи Велес врз

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
18.11.2024

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

-
- МВР – СВР Велес, Комисија за разгледување на предлог по барање за издавање на одобрение за набавка на оружје, ул. „Панко Брашнар" 6б, 1400 Велес
- МВР – СВР Велес, Отсек за оружје, експлозивни и опасни материи, ул. „АСНОМ" 6б, 1400 Велес